Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци
ЕКОЦЕНТАР 97 извоз-увоз ДООЕЛ
Бр. 0307-25
08.03. 2021 год.
СКОПЈЕ

Друштво за транспорт градежништво и трговија "ВАТО" ДОО
Бр. 0307-369
11.03. 2021 год.

Согласно Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Службен весник на РМ бр.06/12 ) на ден ___________ во Скопје е склучен

**ДОГОВОР**

за превземање на отпадна електронска и електрична опрема помеѓу:

**1. Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз-увоз ЕКОЦЕНТАР 97 ДООЕЛ од Скопје,** со седиште на Ул.1632 бр.10/II Скопје, со ЕДБ:МК4030996203809 и ЕМБС:5124514 застапувано од управителот Момировски Владо, во понатамошниот текст ***Превземач***, и

2. **Друштво за транспорт ,градежништво и трговија ВАТО ДОО Студеничани** , со седиште на ул.4 бр.19 , Батинци –Скопје, со ЕДБ МК 4030001421949 и ЕМБС 5545757, застапувано од законски застапници , во понатамошниот текст ***Поседувач***

Договорените страни се договорија за следното :

***Предмет на договорот***

Член 1

Согласно Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, предмет на овој Договор е превземање на отпадна електронска и електрична опрема која што е сопственост на ***Поседувачот***.

***Права и обврски на договорните страни***

Член 2

***Превземачот*** се обврзува да ја прими отпадна електрична и електронска опрема од член 1 од овој Договор согласно Законот за управување со отпад и другите подзаконски акти како и спречување злоупотреба на истата.

***Превземачот*** поседува важечки дозволи, и тоа: Дозвола за складирање и третман на отпад Дозвола бр.Уп1-11/2-37/2018 од 16.03.2018 год. издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ до важност до 15.03.2023 година и Дозвола за собирање и транспорт на отпад со Бр.04 заведена под број Уп1-23-1576/2017 од 20.02.2018 издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ со важност до до 23.01.2023 год.

***Превземачот*** се обврзува на Поседувачот да му издаде соодветна документација согласно законските прописи и тоа:
- транспортен формулар,
- заверен товарен лист,

- идентификационен формулар,
- кантарска белешка,
- изјава од сл.весник бр. 32 од 12-ти февруари 2014-та година

***Превземачот*** се обврзува дека отпадната електрична и електронска опрема ќе ја складира согласно законските прописи и согласно истите ќе постапи по неа.

Член 3

***Поседувачот*** се обврзува да назначи одговорно лице кое ќе ја предаде отпаднага електрична и електронска опрема на Превземачот.
Поседувачот се обврзува да ги завери и да ги потпише сите формулари наведени во чл.2 став 4.

***Важност и времетраење на договорот***

Член 4

Договорот за превземање на отпадната електрична и електронска опрема се склучува на неопределено време, односно до датумот на важност на дозволите опишани во чл.2 став2, а истиот влегува во сила од датумот на негово потпишување од двете страни.
Истиот овој договор подлежи на промени со потпишување на Анекси од двете страни.

***Раскинување на договорот***

Член 5

Секоја Договорна страна може да го раскине овој Договор со писмено известување во отказен рок од 30 дена доколку другата страна не ги исполнува обврските.

***Важечко право и разрешување на спор***

Член 6

Во случај на спор договорните страни се согласни дека истиот ќе го решат во спораазум и спогодбено како резултат на добрата деловна соработка, но доколку истото не можат да го постигнат, надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

Член 7

Договорот се склучува во 2 (два) еднообразни примероци од кои по 1(еден) за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| *За Превземач* | *За Поседувач* |
| *Владо Мојсоски* | |